**Образец/Модел на договор**

ОПШТИНА КАРБИНЦИ
Број ___________
__ мај 2024 година
Карбинци

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

**1.** ОПШТИНА КАРБИНЦИ со: Жиро сметка Трезорска сметка на РМ 100 0000000630 95 - Буџет на Општина Карбинци: 733014106863016, Даночен број 4029005132110 и БДС: 6059171, застапувана од Градоначалникот на општина Карбинци Г-дин Виктор Паунов од една страна како давател на надлежности (во понатамошниот текст-**давателот**) и

**2.** ________________________________________________________________
застапувано од сопственик _______________________ од друга страна како извршител на делегирани надлежности (во понатамошниот текст- **извршителот**)

На ден __.05.2024 година, склучија:

**Д О Г О В О Р**
**за реализација на делегирана надлежност**
**од областа на културата**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е спроведување на делегирана надлежност како дел од надлежноста на Општина карбинци во областа на културата – културните манифестации прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“.

Делегираната надлежност се спроведува врз основа на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Карбинци во областа на културата и туризмот –културните манифестациии: прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“. („Службен гласник на Општина Карбинци” бр. 4/2024), со бр. 0801 - 483/16 донесена од Советот на Општина Карбинци на 36-тата седница одржана на 30 април 2024 година.

Делегираната надлежност ќе ја извршува ___________________________________
___________________________________________________________________________.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ**

**Член 2**

Надлежностите кои се делегираат на извршителот, се насочени кон реализација на културните манифестациии прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“, кои се предвидена во Програмата за активностите на Општина Карбинци во областа на културата за 2024 година.

**Член 3**

Начинот на извршување на делегираната надлежност утврдена во член 2 на овој Договор е уреден во предлог-програмата која е доставена од извршителот и содржи детален опис на активностите, носителите и роковите на извршување.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

**Член 4**

Реализацијата на културните манифестации ќе се врши со средства од Буџетот на општината утврдени во Програмата за активностите на Општина Карбинци во областа на културата за 2024 година.

За манифестациите предвидени се финансиски средства во висина од 700.000,00 (седумстотини илјади) денари.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

**Член 5**

Давателот се обврзува согласно законските услови да ја делегира надлежноста од областа на културата, утврдена во член 2 на овој Договор и континуирано да ја следи реализацијата на програмските содржини понудени од правното лице.

Давателот ќе ги преведе средствата врз основа на:

- Наративен и финансиски план за реализација на културните манифестациии прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“
- Писмено барање за исплата на средствата
- Изјава за наменско користење на средствата
- Дефинирана програма и учесници на културните манифестациии прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“.

Давателот нема да започне со преведување на средствата од член 4 од овој договор, се додека извршителот не ги достави актите став 1 на овој член.

Давателот е должен да не го попречува извршување на надлежноста и при тоа ќе врши контрола на законитото, наменското и економското користење на средствата од член 4 на овој договор.

Давателот нема да ги признае потрошените финансиски средства, како наменски потрошени за реализација на програмските содржини без притоа да се приложи документација (фактура, сметка, спецификација, авторски, изведувачки договори, банковни изводи или друга документација која ја докажува потреба за исплата на средства).

Трошоците кои ќе бидат направени над утврдениот износ од член 4 на овој договор, давателот нема обврска да ги измирува.

Извршителот, утврдените средства од член 4 на овој договор може да ги побарува најдоцна до 30.11 во тековната година.

Доколку извршителот не ги побара средствата утврдени во член 4 од овој договор, давателот ќе смета дека истиот се откажал од средствата, а овој договор еднострано ќе го раскине и писмено ќе го извести извршителот, а договорот нема да предизвикува права, обврски и одговорности за договорните страни.

Давателот има право да врши целосна контрола, внатрешна ревизија и инспекциски надзор над работата на извршителот, во делот на спроведувањето на надлежноста, при реализацијата на програмските содржини на културните манифестациии прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“.

**Член 6**

Извршителот е должен да ги реализира програмските содржини кои се приложени со програмата, на 13 јуни 2024 година - прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и на 22 јуни 2024 година - прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“. Во спротивно ќе се смета дека истите не се одржани и давателот не е должен да ги измирува финансиските средства кон правниот субјект.

Извршителот за спроведување на активностите по делегираната надлежност е должен до Градоначалникот да доставува известување за активностите, а по

завршувањето на активностите во рок од 30 дена да поднесе наративен и финансиски извештај (со докази за реализација на активностите).

До крајот на тековната година извршителот е должен до Советот на Општина Градско да поднесе наративен и финансиски извештај.

Извештајот кој извршителот треба да го достави по завршувањето на програмските содржини до Градоначалникот и Советот треба да содржи:

- наративен дел којштo е опис на програмските содржини, со прилог на материјали кои можат да бидат во печатена форма, ЦД, докази за настаните, фотографии, видео записи, копии од флаери, исечоци, линкови и слични други материјали за известување за настаните.
- Финансиски дел којштo во себе содржи детална документација за сите направени трошоци при реализација на програмските содржини, како копија од фактури доставени до извршителот со банкарски изводи за безготовинските плаќања,за плаќањата во готовина – копија од фискални сметки, копии од уплатници и слични уплати, друга документација (патни налози со придружни прилози-патарини, сметки за гориво, автобуски билети и слично, документи врз основа кои се вршени плаќањата-договори, пресметки на надоместоци и сл).

Извршителот е должен да овозможи услови и да не спречи да се спроведе контрола, внатрешна ревизија и инспекциски надзор над работата на извршителот, во делот на спроведувањето на надлежноста, при реализацијата на програмските содржини на прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и за прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“, од страна на давателот.

Извршителот е должен да го известува давателот за статусните промени доколку настанат кај него или за било кои промени доколку настанат во програмските содржини при реализацијата на делегираната надлежност.

Извршителот нема право да го пренесува правото на делегирана надлежност на други лица или здруженија.

**НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ**

**Член 7**

Извршителот е должен при реализацијата на активностите да се придржува на начинот и роковите предложени во програмата.

**Член 8**

Извршителот за одговорно лице кое ќе ги спроведува активностите на делегираната надлежност и одговара пред Градоначалникот го определува ________________________.

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 9**

За реализирање на активностите на манифестацијата, на сметката на извршителот ќе бидат уплатени финансиски средства согласно Програмата за активностите на Општина Карбинци во областа на културата кои се утврдени за културните манифестации прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и за прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“ за секоја тековна година.

Финансиските средства ќе се исплаќаат на начин како што следи и тоа:

-60 % пред започнувањето на програмските содржини и

-40 % по завршување на програмските содржини и по доставување на наративен и финансиски извештај до Градоначалникот.

Извршителот е должен доделените средства да го користи строго наменски, економично, рационално и во функција на непречено спроведување на програмските содржини на културните манифестации прослава на празникот на Општина Карбинци „Спасовден“ и за прослава на празникот на село Таринци „Св. Троица“.

**Член 10**

Средствата за извршување на работите наведени во член 2 на овој Договор се обезбедени од Буџетот на Општина Карбинци за 2024 година.

**РЕВИЗИЈА И МОНИТОРИНГ**

**Член 11**

Сите активности за вршење на делегираната надлежност извршителот ќе ги спроведува во координација со со Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и човечки ресурси и Одделението за урбанизам, комунални  дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 12**

Надзор над извршителот за реализација на спроведените активности при начинот на исплата на средствата ќе врши Одделението за финасиски прашања при Општина Карбинци.

**СКЛУЧУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 13**

Договорот се смета за склучен од моментот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

Овој Договор може да се раскине еднострано од страна на давателот и истиот  да побара средствата да бидат вратени назад, во случај кога средствата кои биле доделени, а по извршена ревизија или контрола е утврдено дека истите не се употребени според намената или се исплатиле без доказен материјал. Раскинувањето може да биде и во случај доколку не се спроведуваат програмските содржини според зададените рокови и временска рамка.

Извршителот може да го извести давателот за еднострано раскинување доколку се откаже од реализацијта на програмските содржини на културните манифестации. Доколку постои ова известување за еднострано раскинување, извршителот е должен на сметка на давателот да ги врати средствата кои до тој период се уплатени кај него на сметка.

Предвременото раскинување на договорот може да дојде и договорно, по претходно известување на една од страните во рок од 30 дена.

**Член 15**

За се што не е регулирано со овој Договор, важат и ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните прописи кои важат во областа во која се врши делегирањето на надлежноста.

**Член 16**

Во случај на спор по овој Договор, настанат помеѓу договорните страни, доколку спорот не се разреши меѓусебно, месно надлежен е Основниот суд во Штип.

**Член 17**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за договорните страни.

**За давателот:** **За извршителот**

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
на Општина Карбинци
Виктор Паунов

____________________
____________________